Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период април-јуни 2025 година

Скопје, јули 2025 година

116

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

2

поведени постапки на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

10

случаи на утврдена дискриминација во периодот од април до јуни 2025 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во вториот квартал на 2025 година, до КСЗД се доставени 116 претставки и тоа 98 од физички лица и 18 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2024 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 51%.

Во извештајниот период КСЗД поведе и две постапки по службена должност.




Од подносителите физички лица 14 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 42 (50%) биле жени и, исто така, 42 (50%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 40 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 38 биле Македонци, 6 Албанци, 5 Роми, 2 Бошњаци, 2 Турци и 2 Власи . До КСЗД се доставени и две претставки од граѓани кои се изјасниле за друга етничка припадност (две хрватска и еден бугарска).




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (18 претставки).
Податок за нивната возраст не доставиле 37 подносители на претставки.

# МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




42 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- по 14 од Битола
- по пет од Прилеп и Тетово
- по три од Велес и Охрид
- по две од Кавадарци и Штип
- по една претставка од Берово, Врапчиште, Гостивар, Дебар, Демир Капија, Зелениково, Илинден, Кратово, Македонски брод, Неготино, Пехчево, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Студеничани

Шест претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија, еден подносител е со адреса на живеење во Словенија и еден во Србија.
16 подносители на претставки не доставиле адресен податок.

# ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ НА 2025




Во второто тримесечје на 2025 година, КСЗД донесе вкупно 76 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 40 мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, од кои во 10 случаи се утврди дискриминација, а во 30 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не била поведена постапка или била запрена постапката по 36 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчест утврден вид во вториот квартал на 2025 година со вкупно шест случаи, од кои во два случаи како дискриминација во потежок облик, и тоа еден случај на директна интерсекциска дискриминација и еден случај на директна повеќекратна дискриминација.

Утврдени се и три случаи на индиректна дискриминација, како и еден случај на повикување на интерсекциска дискриминација.

## Основи на утврдена дискриминација




Најчесто утврдена основа на дискриминација во мислењата на КСЗД донесени во 2-от квартал на 2025 година е попреченоста, а потоа следат етничка припадност, пол, род и раса. Утврдена е дискриминација и врз основа на припадност на маргинализирана група, социјално потекло, возраст и здравствена состојба.

Во два случаи се утврди дискриминација врз основа на личен и општествен статус: во првиот - работно место на лицето (како адвокат), а во вториот - работно искуство во струката. Во други два случаи се утврди дискриминација врз друга основа и тоа, во првиот - мајчинство, а во вториот - членување во синдикат.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во 2-от квартал на 2025 година, биле утврдени во областа на работата и работните односи, а потоа следат областите пристап до добра и услуги, образование и јавно информирање и медиуми. Во еден од случаите се утврди дискриминација кон две лица во две различни области - во областа на работните односи кон едното лице, и во областа на пристап до услуги кон второто лице.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Комисијата утврди индиректна дискриминација врз студенти со попреченост

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека студентите со попреченост на јавните и приватните универзитети се соочуваат со индиректна дискриминација, бидејќи Министерството за образование и наука (МОН) не предвидело стипендии за нив. Иако станува збор за мал број студенти, нивните потреби и права не смеат да останат занемарени. Овие лица, како посебна категорија, во текот на средното образование имаат право на стипендии, но таква поддршка не им е обезбедена и на универзитетско ниво.

Во насока на отстранување на оваа неправда, Комисијата препорача, МОН да изготви и до Собранието на Република Северна Македонија да достави предлог-измени на Законот за студентски стандард, со кои ќе се предвиди најмалку 1% од вкупниот број студентски стипендии да се доделуваат на редовни студенти со попреченост – на јавни и приватни универзитети, како и на самостојни високи стручни школи.

Оваа препорака има за цел да се овозможи пристап до стипендии на еднаква основа за сите студенти, без разлика на нивната попреченост и да се поттикне вистинска инклузија во високото образование.

На Министерството му е даден рок од 180 дена за постапување по препораката.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

## Утврдена дискриминација од страна на ЈСП врз адвокат и врз лицата со физичка попреченост и возрасните лица

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна дискриминација во областа на работа и работни односи врз адвокат, како и повеќекратна дискриминација врз неговата мајка, лице со попреченост и во поодминати години, од страна на Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје.

Случајот се однесува на обидот на адвокатот, во својство на полномошник, да ја завери персонализираната пензионерска картичка за својата мајка, со цел таа да може да користи услуги од јавниот превоз. ЈСП му ја ускратило можноста да ја заврши постапката во нејзино име, со што биле повредени одредбите од Законот за адвокатура, но и основните начела на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Дополнително, Комисијата утврди индиректна дискриминација кон мајката, која поради попреченоста не е во можност самостојно да дојде и лично да ја заврши потребната процедура, а притоа ЈСП не обезбедило пристапност и разумно прилагодување. Со тоа, не само што ѝ е ускратено правото на користење на јавен превоз, туку ваквиот пристап ги засега и другите пензионери со слични потреби.

Комисијата препорача ЈСП:

- да не ги попречува адвокатите во вршењето на нивната професионална работа;
- во рок од 180 дена да преземе конкретни мерки за да обезбеди еднаков пристап до канцелариите за заверка на билети за сите граѓани, вклучително и лицата со попреченост.

Заштитата на достоинството и правата на секој поединец, особено на повозрасните и лицата со попреченост, мора да биде приоритет на сите јавни институции.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk